Република Северна Македонија
Дирекција за безбедност на
класифицирани информации
Бр. 04 - 65/12
01 07 2024 година

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 и 14/20), и Уредбата за спроведување на постапката за вработување на административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/18), в.д. директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за избор на кандидат за вработување на административен службеник по Јавен оглас бр.82/2024**

1. **За работното место УПР 01 01 Г04 000 Помлад референт за безбедносна акредитација**, во Одделение за безбедносна акредитација на комуникациско - информатички системи и за комуникациско - информатичка поддршка, Сектор за информатичка и физичка безбедност **се избира кандидатката со идентификациски код 561F7B7, Лидија Нешовска, националност македонка, со вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција 85.08.**
2. Именуваната кандидатка ќе биде вработена на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување на неопределено време.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Комисијата за селекција на кандидати за вработување на административни службеници, формирана со Решение бр.10-38/7 од 01.02.2024 година и Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-38/9 од 13.02.2024 година, а во функција на спроведување на постапката за вработување по објавениот Јавен оглас бр.82/2024 од 17.01.2024 година, објавен во три дневни весници Нова Македонија, Слободен

печат и Коха, спроведе постапка за вработување на административен службеник согласно Законот за административни службеници.

Комисијата спроведе административна селекција, која резултираше со Записник бр.10-38/8 од 02.02.2024 година од извршена административна селекција за административен службеник, потоа испит за административни службеници при што беше изработен Записник бр.10-38/10 од 14.02.2024 година за спроведен испит за административни службеници и согласно извршената проверка на веродостојност на докази и спроведеното интервју за административен службеник бр.10-38/15 од 26.06.2024 година односно доставената Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување беше доставен Предлог за вработување на кандидати со најголем број освоени бодови бр.10-38/16 од 27.06.2024 година за работно место по јавен оглас бр.82/2024 од 17.01.2024 година.

Врз основа на горенаведеното, в.д. директорот на Дирекција за безбедност на класифицирани информации одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на Одлуката на Веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

в.д Директор
Стојан Славески

Доставено до:

-Именуваната;
- Архива на ДБКИ;
-Одделение за управување и развој на човечки ресурси;
-Агенција за администрација на Република Северна Македонија.